السنّة النبوية وعلومها
www.sunnah.global

# Она што го говориш и кон што повикуваш е убаво. Ако би можел да ни кажеш дали има искупување (кефарет) за она што го имаме направено

Ибн Абас, радијаллаху анху, пренесува дека една група многубошци (мушрици) кои убивале многу, и извршувале блуд во голема мера, дошле кај Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и рекле: „Она што го говориш и кон што повикуваш е убаво. Ако би можел да ни кажеш дали има искупување (кефарет) за она што го имаме направено?“ Тогаш беше објавен ајетот: „И тие кои покрај Аллах на друг бог не му се молат, и кои не убиваат душа што Аллах ја забранил, освен со право, и кои не прават блуд...“ (Ел-Фуркан, 68) И исто така беше објавен ајетот: „Кажи: ‚О робови Мои кои против себеси во гревовите претерувавте, не губете надеж во Аллаховата милост.‘“ (Ез-Зумер, 53)

[صحيح] [متفق عليه]

Група многубошците, кои претходно сториле многу убиства и блуд, дошле кај Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и го прашале: „Она на што повикуваш од исламот и неговите учења е нешто убаво. Но, каква е нашата состојба со она што го сторивме – со многубоштвото и големите гревови? Дали има искупување (кефарет) за тоа?“ Тогаш беа објавени двата ајета, со кои Аллах го прифати покајанието на луѓето, и покрај нивните бројни и големи гревови. Ако не беше оваа можност за покајание, тие ќе продолжеа во своето неверие и зулум, и никогаш немаше да влезат во оваа вера.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65071

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY

لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee